**20131884652**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ БАНКАТА ЗА РАЗВОЈ ПРИ СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ПО РАМКОВНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ДЕЛУМНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ДОМУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ ГРУПИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2013 година.

Бр. 07- 5150/1
27 декември 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ БАНКАТА ЗА РАЗВОЈ ПРИ СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ПО РАМКОВНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ДЕЛУМНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ДОМУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ ГРУПИ

Член 1

Во Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи („Службен весник на Република Македонија“ број 133/2009), членот 5 се менува и гласи:

“За дел од средствата во износ од 17.603.000 евра ќе се склучи Рамковен договор за подзаем за реализација на Проектот за домување на социјално ранливи групи меѓу Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

Овие средства Република Македонија ќе ги отплаќа од средствата кои ќе се приберат со отплата на позајмените средства од страна на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

Останатите средства во износ од 7.747.000 евра Република Македонија ќе ги отплаќа од Буџетот на Република Македонија."

Член 2

Членот 6 се брише.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".